## SPY RECORDING WATCH



Доколку шпионското снимање на разговори е ваша потреба (или хоби) ова е вистински часовник за вас. "Spy Recording Watch" има вградено меморија од 1GB, снимањето е поддржано во WMA/WAV/MP3 форматите, а батеријата ќе ви овозможи околу десет часа снимање. Вградената батерија е со капацитет од 180mAh и се полни додека часовникот е поврзан со USB на вашиот компјутер. Таа



овозможува до 10 часа снимање, или 6 часа плејбек. Со помош на USB конекцијата може да се симнат снимените материјали од часовникот или, пак, да се креираат музички албуми.

## VOLOGY LIMITED EDITION PREDATOR X-2



Компанијата "Vology" најави нов лаптоп наменет за гејмерите, за кој тврди дека е најбрзиот лаптоп на светот. Се работи за моделот кој ја носи ознаката Limited Edition Predator X-2, а се рекламира како најдобро решение за играчите. Има Intel Core 2 Quad processor на 2.66 GHz, nVidia GeForce 8800M GTX 512 MB GPU и 4GB DDR2 PAM меморија. Цената на овој лаптоп е 4.600 долари.



